Број на Службен весник:53/2021

Датум на објава на Службен весник:05.03.2021

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 106, а во врска со член 84 и член 171 став 6, а во врска со член 119 став 3 алинеја 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20 и 311/20), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА УСЛУГА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА И ЗА ПРОСТОР, СРЕДСТВА, КАДРИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЦЕНТАР ЗА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа и за простор, средства, кадри определени според степен на квалификации и профили според видот на услугата и бројот на корисници и потребната документација за Центар за одмена на семејна грижа.

## I. НАЧИН, ОБЕМ, НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА УСЛУГА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА

**Член 2**

Со социјалната услуга одмена на семејна грижа (во натамошниот текст: социјалната услуга) се обезбедува одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на лице кое се грижи за зависен член на семејството.

Со социјалната услуга на зависниот член на семејството му се обезбедува краткотрајно згрижување и помош во вршење на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот од давател на услугата, во Центар за одмена на семејна грижа или во домот на корисникот/зависниот член.

**Член 3**

Корисник на социјалната услуга, во смисла на овој правилник, е лице кое се грижи континуирано во последните шест  месеци за зависно лице во семејството, кое има потреба од одмена во грижата, одмор и задоволување на лични и професионални потреби, најмногу 15 дена во текот на една календарска година.

Зависно лице, во смисла на овој правилник, е лице во семејството на корисникот на социјалната услуга со намален функционален капацитет кое не може самостојно да ги врши основните и инструменталните активности од секојдневниот живот, и тоа:

- старо лице,
- лице со попреченост, и
- друго болно и изнемоштено лице.

Независно од тоа колку лица се грижат за зависното лице, односно колку зависни лица има во едно семејство, социјалната услуга се користи во периодот од став 1 на овој член.

**Член 4**

Социјалната услуга ја даваат лиценцирани или овластени даватели на услуги за одмена на семејна грижа, односно физички лица кои вршат работа во социјална заштита како професионална дејност, согласно  Законот за социјалната заштита.

Даватели на социјалните услуги од став 1 на овој член, се:

- јавна или приватна установа за вон-семејна социјална заштита и Центар за социјални услуги,  кои поседуваат дозвола за давање на социјални услуги;
- здружение кое поседува дозвола за давање социјалните услуги,  без основање на установа, согласно статутот и програмата на здружението, и
- физичко лице кое поседува дозвола за самостојно вршење работи од социјална заштита како професионална дејност за одмена на семејна грижа.

Давателот на социјалната услуга, одмената на семејна грижа може да ја дава самостојно или интегрирано со други сродни услуги, согласно дозволата за давање на социјалната услуга.

**Член 5**

Социјалната услуга корисникот ја користи врз основа на решение на надлежниот центар за социјална работа, во времетраење во зависност од неговите потреби за одмор и задоволување на лични и професионални потреби, но најмногу 15 дена во една календарска година.

Временскиот распоред за користење на социјалната услуга во текот на една календарска година го одредува корисникот во договор со стручниот работник од Центарот за социјална работа и давателот на социјалната услуга.

**Член 6**

За користење на социјалната услуга, се обезбедува, односно се поднесува следната документација:

- барање,
- лична карта  или дозвола за постојан престој на странец за подносител на барањето ( на увид),
- наод, оцена и мислење за видот и степенот на попреченоста,  специјалистички извештај и/или друга медицинска документација, која се однесува на намалениот функционален капацитет на зависното лице издадена најмалку  шест месеци пред денот на поднесување на барањето и
- изјава од барателот на социјалната услуга дека се грижи најмалку шест месеци за зависното лице и дека ќе ја преземе грижата за зависното лице по завршување на услугата.

Потребата за остварувањето на социјалната услуга се утврдува  и врз основа на податоците со кои раполага Центарот за социјална работа согласно службената евиденција и стручната проценка на животната ситуација на зависното лице, преку непосреден увид во домот на зависното лице.

Зависното лице може да даде согласност за остварување на социјалната услуга, а во случај кога зависното лице не е во можност да даде своја согласност, согласност за него дава родителот, односно старателот или лицето кое се грижи за него.

**Член 7**

Заради давање на услугата, во решението донесено од страна на центарот за социјална работа за упатување на зависното лице, се определува:

- корисникот на услугата за одмена на семејна грижа и податоци за зависниот член од семејството за кој ја користи услугата;
- местото на давање на социјалната услуга за одмена на семејна грижа;
- времетраење на користење на социјалната услуга за одмена на семејна грижа;
- давателот на услугата од евиденцијата на даватели на услуги за одмена на семејна грижа; и
- обврската на корисникот за земање на зависното лице по завршување на краткотрајното згрижување.

**Член 8**

Обемот на социјалната услуга која се обезбедува на зависното лице во вршење на основни и инструментални активности од секојдневниот живот, се определува според наод и мислење за видот и степенот на попреченоста, медицинска документација и согласно потребите на зависното лице, а во договор со корисникот на социјалната услуга и стручен работник од Центарот за социјална работа и стручен работник од давателот на социјалната услуга.

**Член 9**

Корисникот на социјалната услуга писмено го известува давателот на социјалната услуга за потребните информации и податоци за зависното лице, најмалку пет дена пред започнувањето на давањето на социјалната услуга, и тоа за:

- телефонски број и електронска адреса, на кои давателот на социјалната услуга може да го контактира корисникот за времетраењето на давањето на социјалната услуга,

- телефонски број на блиски лица заради остварување на комуникација со зависното лица, по избор на зависното лице,

- информации за здравствената состојба, вклучувајќи копии од медицинската документација за зависното лице,

- контакт податоци за матичниот лекар на зависното лице,

- информации за медицинската терапијата која ја прима зависното лице,

- информации за алергии, нетолеранција на храна и други слични состојби и ограничувања на зависното лице,

- информации за образовните, рекреативните, културните и други слични потреби и навики на зависното лице,

- информации за дневната рутина, навики, омилени предмети, состојби кои го вознемируваат или смируваат зависното лице и други информации за личните потреби на лицето, заради соодветно давање на социјалната услуга.

**Член 10**

Во случај кога за зависното лице не е донесено решение за упатување од центарот за социјална работа, од страна на лиценцираниот давател на социјалната услуга, истата може да се даде врз основа на склучен непосреден договор за користење на социјалната услуга со корисникот.

**Член 11**

Од страна на давателот на социјалната услуга се спроведува евалуација на дадените социјални услуги и проценка на задоволството на корисниците, зависните лица и други членови на нивното семејство.

Евалуацијата на дадените социјални услуги се спроведува преку примена на техниките на интервјуирање и анкетирање на корисниците на услугата, зависните лица и други членови на нивното семејство.

Извештајот од спроведената евалуација се доставува до Министерството за труд и социјална политика, односно општината, градот Скопје или општина во градот Скопје, со која давателот на услугата има склучено управен договор, Заводот за социјални дејности и

центарот за социјална работа, најдоцна 30 дена од денот на спроведување на евалуацијата.

**Член 12**

Давателот на социјалната услуга треба да има воспоставено процедури за поднесување, разгледување и евидентирање на поплаки и претставки од корисниците и од зависните лица.

**Член 13**

Давателот на социјалната услуга, треба да:

- изготви елаборат за исполнетост на условите за почеток со работа и давање на социјалната услуга, согласно нормативите и стандардите пропишани со овој правилник,
- изготви годишен план за работа кој содржи основни цели и активности за давање на социјалната услуга,
- донесе план за унапредување на вештините и знаењата на вработените,
- спроведува обука за испорака на нега за лица ангажирани како негователи,
- обезбедува информации за пошироката и стручната јавност за социјалните услуги кои ги дава,
- го информира корисникот на социјалната услуга во однос на делокругот на работа, социјалните услуги кои се обезбедуваат и правилата за однесување на стручните лица,
- склучува договор за давање на социјалната услуга кога не постапува по решение на Центарот за социјална работа,
- води интерна евиденција,
- подготви месечен извештај во кој е прикажан вкупниот број денови на дадената социјална услуга по корисник кој е упатен со решение донесено од страна на Центарот за социјална работа,
- спроведува евалуација на дадените социјални услуги и проценка на задоволството на корисниците.

Евиденцијата од став 1 алинеја 8 на овој член, опфаќа:

- податоци за зависните лица во однос на возраст, пол, образование, етничка припадност, вид на реализирани активности во остварувањето на социјалната услуга, припадност на корисничка група согласно Законот за социјалната заштита и овој правилник,
- податоци за вработените лица во однос на возраст, пол, образование, етничка припадност и други податоци согласно нормативите и стандардите пропишани со овој правилник.

По исклучок од став 1 алинеја 1 на овој член, давателот на социјалната услуга, како и физичко лице кое врши работи од социјална заштита како професионална дејност, не изготвува елаборат за исполнетост на условите за почеток со работа и давање на услугата за одмена на семејна грижа, доколку услугата ја дава само во домот на корисникот.

**Член 14**

Давателот, при давање на социјалната услуга ги врши следниве работи:

- социјалната услуга ја дава согласно решението донесено од страна на Центарот за социјална работа или договорот за користење на социјалните услуги,
- води дневник за работата,
- соработува со членовите на семејството на зависното лице, стручното лице од Центарот за социјална работа и други лица од опкружувањето на зависното лице,
- подготвува месечен извештај во кој е прикажан вкупниот број денови на дадената социјална услуга по корисник, упатен со решение од Центарот за социјална работа,
- спроведува евалуација на дадените услуги и проценка на задоволството на згрижените зависни лица.

**Член 15**

Социјалната услуга во домот ја обезбедува негувател од давателот на социјалната услуга.

Негувателот, при давање на социјалната услуга ги врши следниве работи:

- социјалната услуга ја дава согласно решението донесено од страна на Центарот за социјална работа или договорот за користење на социјалните услуги,
- води дневник за работата,

- соработува со членовите на семејството на зависното лице, стручното лице од Центарот за социјална работа и други лица од опкружувањето на зависното лице.

II. НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ПРОСТОР, СРЕДСТВА, КАДРИ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЦЕНТАР ЗА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА

**Член 16**

Центарот за одмена на семејна грижа треба да ги исполнува нормативите и стандардите во однос на:

- простор,
- опрема,
- стручен кадар,
- годишен план за обезбедување финансиски и материјални средства,
- внатрешни процедури за евалуација на дадените социјални услуги и за проценка на задоволството на сместените зависни лица.

**Член 17**

Центарот за одмена на семејна грижа, социјалната услуга може да ја дава најмногу за 25 зависни лица во еден објект, при што згрижените деца и возрасните лица се сместуваат во посебни делови од објектот или во посебен објект.

А. ПРОСТОР

**Локација**

**Член 18**

Објектот за давање на социјалната услуга треба да е сместен во населено место или во близина на населено место со развиени сообраќајни врски.

Објектот треба да е приклучен на постојна инфраструктура во населеното место, со што се обезбедуваат неопходните хигиенско-технички услови.

Ако објектот располага со двор, истиот треба да биде хортикултурно дизајниран и уреден согласно потребите на сместените зависни лица.

Пристапот до и во објектот треба да биде поплочен, асфалтиран и без архитектонски бариери, прилагоден за непречено движење на зависните лица.

Во објектот за давање на социјалната услуга се обезбедува телефонска линија.

**Простории**

**Член 19**

Во објектот за давање на социјалната услуга треба да се обезбеди:

- просторија за дневен престој, која не треба да е помала од 20м2;
- спални соби за сместените зависни лица, за најмногу до три лица во една просторија, прилагодена на нивните потреби и возраст, при што растојанието помеѓу леглата треба да овозможува непречено функционирање на лицата според нивните потреби и можности;
- соодветна трпезарија која истовремено може да ја користат најмалку 50% од сместените зависни лица или дел од просторија за дневен престој кој може да се користи за оваа намена;
- кујна опремена за подготвување и сервирање на храната;
- санитарен јазол.

Собата за изолација и згрижување на болно лице треба да е димензионирана од најмалку 6м2.

Подовите во сите простории треба да бидат изработени од материјал кој не се лизга и лесно се одржува, а подовите во спалните соби треба да бидат од топол материјал.

Во просториите каде се престојува треба да се обезбеди природна светлина и редовно проветрување.

За лицата со намалена мобилност и неподвижни лица неопходно е да се обезбедат соодветно прилагодени тоалети, како и други помагала кои би можеле да ја олеснат нивната ориентација во просторот.

Ходникот во објектот каде што се сместени лица со попреченост и намалена подвижност треба да биде доволно широк за лица во инвалидска количка и други потешко подвижни лица.

Вратите во просториите во објектот каде што се сместени лица со попреченост треба да бидат широки доволно за да поминат лица во инвалидска количка и други потешко подвижни лица, без прагови и од материјал кој не може да се оштети, за да се спречи повредувањето на зависните лица.

Температурата во просториите треба да се одржува од 18 до 23 степени целзиусови. За давање на социјалната услуга може да обезбеди и соба за физикална терапија.

**Санитарно-хигиенски простории**

**Член 20**

Во објектот за давање на социјалната услуга треба да има:

- санитарна просторија за зависните лица со претпростор за миење раце (мијалник) и по еден санитарен јазол, одделно за машки и женски лица, со специјални држачи кои овозможуваат независно користење;
- санитарна просторија за вработените во Центарот за одмена на семејна грижа со претпростор за миење раце (мијалник) и санитарен јазол.

Во санитарните простории подовите и ѕидовите треба да бидат обложени со керамички плочки.

Во санитарните простории или во посебна санитарна просторија, треба да има бојлер и санитарен јазол со специјални држачи кои овозможуваат независно користење, за одржување на личната хигиена на зависните лица.

**Административни простории**

**Член 21**

Во објектот за давање на социјалната услуга треба да има административна просторија димензионирана од најмалку 5м2.

Б. ОПРЕМА

**Член 22**

Во објектот за давање на социјалната услуга треба да има опрема која одговара на целта на просториите и да ги задоволува техничките и хигиенските стандарди, и тоа:

- просторот за гардероба се опремува со закачалка, гардеробер и клупа за соблекување;

- дневната просторија треба да е опремена со основна опрема, и тоа: клуб маси, гарнитура за седење и столици со наслон, орман за чување нагледни средства, литература и слично, ТВ-приемник, ДВД систем, музички систем, компјутер со асистивна технологија, како и потребни нагледни средства во зависност од возраста, потребите и можностите на зависните лица;

- трпезаријата треба да е опремена со маса и столици, соодветно на бројот на зависните лица, изработени од материјал лесен за одржување и со заоблени ивици;

- собата за изолација треба да е опремена со медицинско легло, медицински орман со опрема за прва помош, наткасна, расветлен уред до креветот, столица и ѕидна закачалка;

- спалната соба треба да е опремена со кревет, постелнина, наткасна, расветлен уред до креветот и гардеробер за секое сместено лице поединечно;

- просторијата за физикална терапија, односно дел од дневната просторија или некоја од посебните простории приспособени за оваа намена, треба да е опремена со потребна опрема за физикална терапија;

- административната просторија треба да е опремена со работна маса и работни столици, компјутер, печатар, административен орман;

- хигиенската остава треба да е опремена со машина за перење алишта од најмалку 5 кг, даска за пеглање алишта, пегла, сушалка и орман.

**Член 23**

Во објектот за давање на социјалната услуга, кој има дистрибутивна или сопствена кујна, треба да има соодветна опрема и тоа: мијалник, простор за подготовка на храна, опрема за готвење, шпорет, фрижидер, замрзнувач, прибор за јадење, полици или шкафчиња за складирање на намирници и ситна опрема (плехови, тенџериња, чинии, лажици, вилушки, ножеви и слично), во количина која е соодветна за подготвување на оброците за зависните лица.

Опремата во кујната треба да биде изработена од цврст и отпорен материјал кој не е подложен на корозија.

Приборот за јадење треба да биде отпорен на механички, хемиски и термички оштетувања и да биде лесен за одржување.

В. КАДРИ

**Член 24**

Центарот за одмена на семејна грижа за давање на социјалната услуга треба да има:

- најмалку едно стручно лице со општа лиценца за вршење стручни работи во Центар за социјални услуги, и тоа од следните стручни кадри: социјален работник и дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор;
- најмалку еден негувател за секои пет зависни лица, кој поседува сертификат за завршена основна обука за нега;
- медицинска сестра како вработено лице;
- лице за чистење на просториите како вработено лице или ангажирано преку договор за користење на услуги.

За давање на социјалната услуга може да се ангажира физиотерапевт како вработено лице или ангажирано преку договор за користење физиотерапевтски услуги, а во случај кога во Центарот за социјални услуги самостојно се приготвува храна за сместените лица, треба да има и лице готвач.

**Член 25**

Негувател може да биде лице кое ги исполнува нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга, и тоа:

- да има здравствена способност за вршење на дејноста,
- да има најмалку основно образование,
- да не му е одземена или ограничена деловната способност,
- да не му е одземено вршењето на родителското право,
- да не му е изречена осуда за кривично дело со казна затвор над шест месеци, - да не му е изречена забрана за вршење на должност, дејност и професија.

**Член 26**

Давателот на социјалната услуга, кој не основа Центар за одмена на семејна грижа треба да ги исполнува нормативите и стандардите од членовите 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 од овој правилник.

II -а. НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ПРОСТОР, СРЕДСТВА, КАДРИ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГАТА ЗА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА ВО ДОМОТ НА КОРИСНИКОТ

Член 26-а

Здружение и физичко лице кое врши работи од социјална заштита како професионална дејност, за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа на лице кое се грижи за зависниот член во семејство, треба да обезбеди една административна просторија од најмалку 5 м2, опремена со работна маса и работна столица, компјутер, печатар и административен орман, доколку услугата одмена на семејна грижа ја дава само во домот на корисникот/зависниот член.“

Член 26-б

Здружение за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа на лице кое се грижи за зависниот член во семејство, треба да има најмалку едно стручно лице со општа лиценца за вршење стручни работи, и тоа од следните стручни кадри: социјален работник или дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, како и еден негувател кој поседува сертификат за завршена основна обука за нега и ги исполнува нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга од член 25 од овој правилник, доколку услугата одмена на семејна грижа ја дава само во домот на корисникот/зависниот член.

Член 26-в

Физичко лице кое врши работи од социјална заштита како професионална дејност за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа на лице кое се грижи за зависниот член  во семејство, треба да има сертификат за завршена основна обука за нега и ги исполнува нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга од член 25 од овој правилник, доколку услугата одмена на семејна грижа ја дава само во домот на корисникот/зависниот член.“

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 27**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-1975/1
2 март 2021 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.